Поштенскиот сектор доживува возбудливи но и предизвикувачки периоди од своето постоење. Технолошкиот развој заедно со брзото менување на потребите на клиентите радикално го менуваат нашиот деловен пејзаж, создавајќи огромни предизвици и огромни можности за нашиот сектор да се трансформира. Овој нов контекст претставува шанса писмата да бидат уште порелевантни во иднина како доверливи посредници и нитка што ги поврзуваат владите, граѓаните, деловните активности и териториите.

Со текот на вековите, комуникациите се менуваа и разликуваа, прифаќајќи ги телеграфите, телефоните и факсовите а сега интернет и електронската пошта, но поштата од секогаш била и е константа.

Поштенските пратки се нашето секојдневие и за да можат истите се доставаат потребни се поштенски сандачиња. За таа цел во рамките на Твининг проектот ја предвидовме и *Компонентата 4* која се однесува на значењето и придобивките од поставување на поштенските снадачиња.

Квалитетната достава на поштенски пратки зависи од сите чинители на пазарот, па и од корисниците на услугите. Едни од предусловите за квалитетна достава се правилното адресирање и пакување на поштенските пратки, користење на точно дефинирана услуга согласно потребите на пратката и на корисникот и секако поставување на куќни поштенски сандачиња.

Токму затоа, Агенцијата за пошти ја спроведува оваа кампања за подигнување на свеста кај граѓаните.

Во законот за поштенски услуги регулирана е (Член 55) - обврската за поставување куќни поштенски сандачиња од страна на корисниците на поштенските услуги

- Примачот на поштенските пратки **е должен** да обезбеди поставување и одржување на куќно поштенско сандаче на влез на семејна или индивидуална станбена зграда, односно на влез на деловен простор, во кое ќе му бидат доставувани поштенските пратки.
- Куќното поштенско сандаче **треба да го носи бројот (адреса)** на семејната или индивидуалната станбена зграда или бројот на деловните простории.
- Куќните поштенски сандачиња од ставот (1) на овој член треба да се **одржуваат од страна на примачот на начин кој ќе обезбеди сигурна достава на поштенските пратки.**

  Од анализите кои ги направи АП и мерењата кои ги овозможија колегите од Пошта на Северна Македонија може да констатираме дека процентот на домаќинства со куќно сандаче е алармантa.
  Во проценти тоа изгледа вака:
  - Гостивар – 23,69% од вкупниот број на домаќинства
  - Маврово и Ростуша – 1.01% од вкупниот број на домаќинства
  - Врапчиште - 11.48% од вкупниот број на домаќинства
  - Прилеп - 6% од вкупниот број на домаќинства
  - Богданци - 18.80% од вкупниот број на домаќинства
  - Гевгелија - 27.04% од вкупниот број на домаќинства
  - Дојран - 6.85% од вкупниот број на домаќинства

Голем број на сандачиња (од тоа што го видовме на терен ) се уништени, се нефункционални, и доставата зависи од личното знаење на поштоаразнесувачите. Притоа е значајно да се спомене дека е потребно да се направи и систем за адреси, но тоа е тема која заслужува посебно

внимание и за која се договоривме со колегите од Пошта на Северна Македонија да разговараме во поширок формат, вклучувајќи ја Министертсвото за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа, ЗЕЛС и други надлежни државни институции.

Поседувањето на поштенско сандаче значи и ќе значи дека се исполнети барањата за квалитет на давателот на универзалната услуга во сегментот на достава. Ќе значи и намалување на бројот на рекламациите кај операторите и претставки кај АП кои се однесуваат на доставата и секако ќе се овозможи анализа на податоци за задоволството на корисници која е крајна цел.

Придобивките за корисниците меѓу другото ќе биде и оптимална безбедност против вандализам и кражба на пратки со примена на стандарди за безбедност, со што ќе се запази приватноста односно испочитува правото на приватност.

Агенцијата за пошти и понатаму ќе биде посветена на темава и ќе ги насочува своите активности во подигање на свеста кај граѓаните од потребата од поседување на поштенско сандаче и ќе укажува на производителите на поштенски сандачиња, увозниците и домашните компании на стандардизирано производство.

Стандардите може да дефинираат како еден производ се создава, користи, одржува имајќи во предвид дека стандардизацијата е движечки фактор во креирањето на единствениот пазар на ЕУ

За тоа е важно да се поседува поштенско сандаче, а за стандардите ќе говорат нешто повеќе нашите пријатели од Шпанија.